РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Преку полномошник - адвокат до Државната комисија за спречување на корупцијата, доставено е Барање за мислење.

Лицето претходно извршувало функција  В.Д. директор на Фитосанитарна управа, а моментално е вработено во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Истиот планира да се занимава со трговија на пестициди, вештачко ѓубриво и останати земјоделски препарати во ново основано правно лице, каде како сопственик и основач ќе се јавува негов пријател, жител на Република Албанија, а лицето би се јавувал во својство на управител во таа приватна фирма.

Од Државната комисија се бара мислење, дали лицето вработено во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство може да биде овластено лице во приватна фирма со оглед на тоа дека е во редовен работен однос во наведеното министерство.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 – б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година и бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година, го издаде следното

## М И С Л Е Њ Е

Член 2 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ја утврдува дефиницијата на поимот судир на интереси:
„(3) Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности“.

Согласно член 8 став (2) од истиот Закон, под поимот „службено лице“ се подразбираат сите избрани или именувани лица **и вработените во јавниот сектор.**

Државната комисија извести дека ограничувањето за вршење на управителска дејност во трговско друштво или установа како сопственик се однесува на избрани или именувани лица, а не на вработени лица во јавен сектор.

Од друга страна, со оглед на фактот дека лицето ја вршело функцијата В.Д. директор на Фитосанитарна потребно е да постапи согласно член 48 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Член 48

„Избрано или именувано лице, како и друго службено лице или одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице што располага со државен капитал што во рок од три години од денот на престанокот на вршењето на јавните овластувања или должности ќе основа трговско друштво или ќе започне да се занимава со дејност со која се остварува профит во областа во која работел како службено лице, е должно во рок од 30 дена за тоа да ја извести Државната комисија.“

Исто така, Државната комисија укажува на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси  кои го регулираат постапувањето при постоење на состојба на судир на интереси со оглед на тоа дека трговското друштво кое ќе биде регистрирано ќе се занимава со трговија на пестициди, вештачко ѓубриво и останати земјоделски препарати.

Имено, како вработено лице во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство при вршењето на службените должности треба да постапува согласно член 72 став (1) и (2) и член 75 став (1) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси кога ќе дознае за околностите што укажуваат на постоење судир на интереси или потенцијален судир на интереси и тоа:

Член 72 став (1) и (2)

„(1) Службеното лице во своето работење, е должно да внимава на потенцијален судир на интереси и да преземе мерки за негово одбегнување.
(2) Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, службеното лице е должно да ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на

неговиот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа да го извести својот претпоставен.“

Член 75

„(1) Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, е должно веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување.“

Исто така, Државната комисија укажува и на Начелото на интегритет по што секое службено лице е должно да го почитува при извршувањето на своите јавни овластувања и должности:

Член 4 - Начело на интегритет:

„(1) Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.

(2) Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да ги почитува начелото на законитост, начелото на еднаквост, начелото на јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на јавниот интерес.

(3) Службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице“.

Член 8 став (7) го утврдува значењето на поимот „интегритет“:

„Под поимот „интегритет“ се подразбира законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работи со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата во која се одговорно лице, односно се вработени, ги елиминираат ризиците и ги отстрануваат сомневањата во можноста од настанување и развој на корупција и со тоа обезбедуваат доверба на граѓаните во вршењето на јавните функции и во работата на јавните институции“.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk